МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# Доброто управување во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автори**
Марија Саздевски, Емина Нурединоска

**Подготовка**
Марија Саздевски, Даниела Стојанова, МЦМС

ИСБН 978-608-4617-31-0

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

## Содржина

**Листа на кратенки** ........ **2**

**Вовед** ........ **3**

**Општи информации за програмите** ........ **4**

**Како и колку се спомнува доброто управување** ........ **5**

**Понуда и предлози за добро управување/владеење на правото** ........ **6**

Правосудство ........ 6

Борба против корупцијата ........ 8

Ефикасна државна и јавна администрација ........ 10

**Заклучоци** ........ **13**

Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите ........ 14

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУА | Демократска унија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕПМ | Европска партија на Македонија |
| ЛДП | Либерално-демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| ППДД | Политичка партија Демократска десница |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за добро управување во Македонија.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Еден од најголемите предизвици на македонското општество е примената на практиките на доброто управување засновани на владеењето на правото и демократијата, учеството, независноста на институциите, пред сè на судството, ефикасноста и ефективноста на сите нивоа и подрачја, особено на државната администрација, како и транспарентноста и отчетноста кои се одговор на борбата против корупцијата.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

# Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнува доброто управување

Доброто управување анализирано преку заложбите на политичките партии за независно судство, ефикасна државна и јавна администрација и борба против корупцијата, се спомнува во 12 од 15 од понудените програми (80 %). Прашањата поврзани со доброто управување, најчесто се спомнуваат во програмите на ВМРО-ДПМНЕ (на 19 страници од вкупно 284), СДСМ (на 15 страници од вкупно 139) и ЛДП (на 10 страници од вкупно122).

**Табела 2: Колку се спомнува доброто управување (владеење на правото, правосудство, борба против корупцијата, ефикасна јавна администрација)**

| Политичка партија | Стр.[1] | Страници[2] | Поглавја[3] |
|---|---|---|---|
| Нова демократија | 4/29 | 1,5,6,12 | 3/9 |
| ПОДЕМ | 6/50 | 5,6,18,19,20,42 | 1/2 |
| СДУ | 5/48 | 17,18,19,37,38 | 2/3 |
| ДУА | 1/36 | 22 | 1/11 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19/284 | 7,13,19,102-112,176-178,181,182 | 3/12 |
| ДУИ | 5/87 | 17,25,49,50,51 | 2/6 |
| СДСМ | 15/139 | 7,11-17,50,112-117 | 2/4 |
| ЛДП | 10 /122 | 9,10,14,15,16,34,36,43,87,90 | 2/2 |
| ППДД | 3/39 | 23,24,25 | 1/8 |
| ЕПМ | 2/9 | 4,5 | 3/17 |
| НДП | 4/10 | 2,4,5,7 | 2/8 |
| ОМ | 5/64 | 9,12,41,42,43 | 2/17 |

1 На колку страници се спомнува (од вкупно колку, на пр. на 2 од вкупно 29 страници)
2 Броевите на страниците во кои се спомнува и може да се прочита повеќе
3 Во колку (од вкупно колку) поглавја се спомнува темата (на пр. во 2 од вкупно 9 поглавја)

Единаесет програми, во кои се спомнуваат темите поврзани со доброто управување, имаат посветено барем едно поглавје на некоја од темите: правосудство, корупција или јавна администрација. Најголем дел од програмите (9 од 11) содржат и конкретни мерки и предлози за подобрување на доброто управување во Македонија. Четири партии (Нова демократија, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и СДСМ) имаат посветено посебни делови и наслови за сите три теми од доброто управување: правосудство, корупција и државна и јавна администрација. Од друга страна десет од единаесет партии имаат посебен дел и наслов посветен на правосудството, осум од единаесет имаат посебен дел и наслов посветен на јавната администрација, додека пет од единаесет имаат посветено наслов или дел за борба против корупција.

**Табела 3: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози/мерки |
|---|---|---|
| **Нова демократија** | - Судство, безбедност и одбрана<br>- Јавни финанси (Буџетот)<br>- Корупцијата | Не |
| **ПОДЕМ** | - Економска политика базирана на знаење наместо на политички волунтаризам<br>- Ефикасни јавни институции и претпријатија – силен фактор на економскиот развој<br>- Ефикасно и независно судство - предуслов за привлекување на домашни и странски инвестиции | Да |
| **СДУ** | - Мала, но ефикасна администрација<br>- Правна држава и социјална правда<br>- Независен судски буџет | Да |
| **ДУА** | / | Не |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | - Даночна и царинска политика (Одговорна и ефикасна употреба на буџетските средства) | Да |

| | | |
|---|---|---|
| | - Бизнис-клима и конкурентност (2.Подобрување на регулативата и поедноставување на постапките за добивање дозволи и лиценци)<br>- Информатичка технологија и реформа на јавната администрација 2.0<br>- Земја на сигурноста, правдата, слободата и на безбедноста: Реформи во судството / Транспарентно судство / Ефикасно судство/ Македонија без корупција/ Модерна, реформирана, европска полиција во служба на граѓаните | |
| **ДУИ** | - Структурни реформи: Правниот систем и судството<br>- Независна и реформирана администрација<br>- Превенциите и мерките за борба против корупцијата и организираниот криминал<br>- Други аспекти на развојот | Да |
| **СДСМ** | - Јавна администрација<br>- Буџетско трошење<br>- Независно судство<br>- Одговорно јавно обвинителство<br>- Спречување на корупцијата | Да |
| **ЛДП** | - Радикална реформа на гломазните, неефикасни и скапи државни институции<br>- Мала јавна потрошувачка и ефикасна, строго ограничена државна регулација<br>- Владеење на правото и човекови право<br>- Правна сигурност<br>- Заштита на човековите права<br>- Право на добра администрација | Да |
| **ППДД** | - Правосудство: Самостоен судски буџет / Војна против корупција | Да |
| **ЕПМ** | - Странски инвестиции<br>- Информатичко општество и администрација<br>- Правосудство | Да |
| **НДП** | - Политички систем и демократија<br>- Економски систем | Не |
| **Обединети за Македонија** | - Правосудство<br>- Економија: Јавна администрација | Да |

## Понуда и предлози за добро управување/владеење на правото

Иако во програмите на политичките партии се користат повеќе термини коишто упатуваат на доброто управување односно владеењето на правото, забележано е дека истите најчесто се поврзуваат со независното судство, борбата против корупцијата и ефикасната јавна администрација.

### Правосудство

Прашањата на независно и реформирано правосудство коешто постојано ќе се надградува со знаење и професионалност, заземаат значајно место во програмите на политичките партии. Од 15 анализирани програми, во 12 се предвидени одредени мерки за подобрување. За три партии, една од клучните (експлицитно наведени) мерки за независност е воспоставувањето финансиски независно судство, поточно судство со самостоен буџет (ПОДЕМ, СДУ и ППДД). Кај две политички партии како мерка за независност се спомнува промена на улогата на министерот за правда во Републичкиот судски совет и Советот на јавни обвинители, односно се спомнува негово отстранување од овие тела (СДСМ и ППДД).

**Табела 4: Предлози во изборните програми за правосудството**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| **Нова демократија** | „Новите демократи ќе се концентрираат на реформирањето на судската власт, со цел реализација на начелото еднаквост пред законот и владеење на правото. Новите демократи ќе се ангажираат за едно независно судство во борбата против корупцијата, организираниот криминал и другите негативни појави. Судството исто така, ќе ја има поддршката на НД не само за да ја врши нејзината независна функција, но и да ја зголеми довербата на граѓанинот во оваа функција.....“ (стр.6) |
| **ПОДЕМ** | „ ... императив во заложбите на ПОДЕМ ќе биде владеењето на правото и правната држава. ПОДЕМ се залага за: ...Постоење на независно, непристрасно, професионално и деполитизирано судство; Затоа ПОДЕМ се залага за: Реална финансиска независност на судството, со што влијанието од останатите две власти ќе биде отстрането; Транспарентност во работата на судството; Поефикасно и поекономично решавање на судските предмети, преку донесување на законски прописи;Редовна контрола на работата на судиите, преку однапред утврдена правна рамка; Подобрување на работата на судовите со млад и стручен кадар.“ (стр. 20). |
| **СДУ** | „Суштинската реформа за која СДУ се залага е независен судски буџет.“ (стр.38)....Тоа истовремено ќе значи: Стоп на партиските влијанија и корупцијата во судството...... „Зајакната информатичка поддршка на судството што ќе значи воведување на електронска архива и електронско водење на предмети што ќе функционира во практика; Издвојување на судските службеници од останатите државни службеници; Создавање систем на кариера. “ (стр.38) |
| **ДУА** | „ДУА силно ќе се ангажира за непосредно ослободување на сите тие кои неправедно врз својот грб ги носат последиците на судството командувано од политичките партии и обесштетување на штетите предизвикани од ова партиска контрола врз обвинителството и судството во Македонија.“ (стр. 22) |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | „Во периодот што следува ќе се фокусираме на спроведување на овие закони (*22 закони од областа на правосудството поврзани со усогласување со правото на Европската Унија, зголемување на ефикасноста и професионализација на судството и јакнење на самостојноста, независноста и непристрасноста на судиите)* со цел зголемување на транспарентноста и јакнење на довербата на граѓаните во судовите. Тоа ќе се постигне преку имплементација на новините што се однесуваат на изборот на судиите, системот на кариера, следење и оценување на работата, разрешување и утврдување на дисциплинската одговорност врз основа на објективни и мерливи критериуми.“ (стр. 176) |
| **ДУИ** | „ДУИ се ангажира за коренити реформи во судскиот систем, со посебен акцент: почитување на начелото за поделба на власта во тој законодавен, егзекутивен и судски, како и унапредување на ова начело да во иднина овие три власти бидат што независни една од другата, што е една гаранција за функционирање на правната држава. Во овој правец, посебно внимание ќе му се посвети на реформите во системот на судството, особено судскиот систем, организирањето на судовите, јакнењето на независноста на судовите, како и зголемување на ефикасноста и ефективноста на судовите.“ (стр. 49) |
| **СДСМ** | „Ќе ја подобриме работата на судството и јавното обвинителство. Ќе го отстраниме министерот за правда од Судскиот совет и од Советот на јавни обвинители. Ќе овозможиме ефикасно работење на извршителите.. Ќе ги отвориме вратите во судството и во јавното обвинителство за сите квалитетни, стручни и способни правници. Ќе ја зајакнеме одговорноста на судиите и на јавните обвинители“ (стр.113) |
| **ЛДП** | „ЛДП се залага за: спроведување вистинска судска реформа во која што судството ќе биде ослободено од влијанието на политичките партии, паралелно со процесот на враќање на неговата стручност и професионалност со подигање на критериумите за вршење на судската функција и формулирање на критериуми за одредување и санкционирање на несовесно вршење на функцијата, злоупотреба на функцијата и штета нанесена на граѓаните и на државата заради несовесна работа“ (стр.87) |
| **Демократска десница** | „Прв чекор во воспоставување на независноста на судството ќе биде самостоен судски буџет, со што ќе се отстрани зависноста на судската од извршната власт на финансиски план. Демократска десница, ќе се залага Министерот за правда и претседателот на Врховен суд да не бидат членови на РСС.“ (стр.23)<br>„ ...воведување на рокови за сите дејствија во парничната постапка и предвидување на санкции за непочитување на роковите.“ (стр.23)<br>„Измени на законот во делот за Е-судството и предвидување на можноста сите дејствија да се водат по електронски пат“(стр.23)<br>„Во кривичната постапка ќе бидат предвидени рокови за сите дејствија и за |

| | |
|---|---|
| | непочитување на роковите ќе бидат пропишани казни....“ (стр.24) „Јавниот Обвинител на Република Македонија да се избира со двотретинско мнозинство. Министерот за правда да не биде член на Советот на обвинители.“(стр.24) |
| **ЕПМ** | „31. Подобро функционирање на правната држава, поефикасно судство, скратување на процедурите за разните договори што треба да се постигнат; поголема заложба за транспарентност во судството.“ (стр.4) „48. Почитување на уставните принципи на еднаквост и рамноправност на сите граѓани од Република Македонија во примена на законските прописи. ...50. Независност и самостојност во донесување на одлуките од страна на државните и судските органи.51. Деполитизација во судството. 52. Брзо и ефикасно решавање на судските спорови почитувајќи го начелото на судење во разумен рок.“ (стр.5) |
| **НДП** | „НДП соодветната поделба на власта, гарантирањето на независноста на судството и владеењето на законот ги смета како предуслов за заштита и унапредување на човековите права и слободи на граѓанинот.“(стр.2) „НДП се залага за деполитизирање на судските органи и за обезбедување на подеднаков третман на сите граѓани, без разлика на нивната национална, верска, јазична или социјална припадност.“ (стр.5) |
| **Обединети за Македонија** | Стратешка цел на ОМ во областа на правосудството е да осигури владеење на правото и ефикасно функционирање на правната држава низ целосна деполитизација на правосудниот систем и спроведување на реформите во правосудство, согласно барањата на Европската Унија.......Затоа ОМ се залага за реформи за конечно воспоставување на независно и ефикасно судство.....“ (стр.41) „Реформите ќе бидат спроведени на следниов начин: -Ослободување на судството од патронатот на Извршната власт со изработка на посебна законска регулатива со донесување на Закон за независно судство; - Целосно преуредување на начинот на избор на Јавен Обвинител за да се обезбеди целосна независност од власта и од опозицијата;...“ (стр.42) |

## Борба против корупцијата

Девет од 15 политички партии предвиделе мерки за справување со корупцијата. Кога се предлагаат мерки за борба против корупцијата, тие најчесто се поврзуваат со мерките за независното судство и за ефикасната јавна администрација (со намалени дискрециски овластувања). Таков е пристапот на НД, ВМРО-ДПМНЕ, СДУ, ЛДП, ППДД и ОМ. Три политички партии сметаат дека се потребни реформи во Државната комисија за спречување на корупцијата, а мерките кои се предлагаат се однесуваат на изборот на членовите, нивната професионалност и ослободување од секакви партиски влијанија, како и предлози за законски измени (СДСМ, ППДД и ОМ). ВМРО-ДПМНЕ планира да подготви нова Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и нова Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси, додека ДУИ и НДП се двете партии коишто експлицитно навеле дека ќе направат партнерство со граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата.

**Табела 5: Предлози /предвидени активности во изборните програми за борба против корупцијата**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| **Нова демократија** | „Нова демократија како основен предуслов на **стратегијата за борба против** неформалната економија и **корупцијата** предвидува политички консензус, кој треба да постои по секоја цена во собранието заради две причини: • кога во земјите во транзиција би постоела адекватната институционална рамка која би ги спречила врските меѓу услужниот сектор и државата, сигурно ќе се намали политизирањето на регуларната економија, но и на целокупниот живот. • намалената политизација ќе ја ограничи можноста на дискрецијата на државните чиновници, со што ќе се добие поголема конкуренција во економијата. Ние, новите демократи, ќе ја водиме некомпромисната **борба против корупцијата** и организираниот криминал, како големи пречки на бизнисот |

| | |
|---|---|
| | како во земјата, така и надвор од неа.“ (стр. 12) |
| **СДУ** | „За таа цел, за СДУ е клучно во државата да постои вистинско **владеење на правото**, функционален законски систем, **борба против** организираниот криминал, **корупцијата** и тероризмот со што ќе се остваруваат основните принципи на социјалдемократијата: слобода, демократија и солидарност.“ (стр. 37)<br>„ ...независен судски буџет...Тоа истовремено ќе значи: Стоп на партиските влијанија и **корупцијата** во **судството“** (стр.38 ) |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | „Бескомпромисна **борба против корупцијата** и криминалот и ефикасно спроведување на правото, преку длабоки реформи во судството и јавната администрација“ (стр.7)<br>„ Во новиот мандат ќе продолжиме со истото темпо со помош на: Реализација на препораките на ГРЕКО за РМ од трет круг на евалуација; Имплементација на измените и дополнувањата на Кривичниот законик од април 2011 година; Донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за финансирање на политичките партии; Донесување на нова Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и нова Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси; Максимална посветеност на политичките функционери и на институциите одговорни за **борбата против корупцијата** и криминалот. “ (стр. 181)<br>„Јакнењето на правната држава и промоција на системот **на владеење на правото** што во фокусот го има почитувањето на човековите слободи и права, останува приоритет на Министерството за внатрешни работи. Во новиот мандат ќе останеме доследни на транспарентното работење и неселективната и бескомпромисна **борба против** криминалот и **корупцијата** во институциите и во општеството.“ (стр. 182) |
| **ДУИ** | „ДУИ ќе се ангажира за изградба на една правна рамка за да се создаде ефикасен систем за **борба против корупцијата** и организираниот криминал (подржувајќи го Законот за судир на интереси и Законот за слободен пристап до информации и другите законски акти кои се однесуваат на ова подрачје).“ (стр.51)<br>„ ДУИ ќе придонесе за воспоставување на партнерство со невладините организации, како од земјата така и тие меѓународни, за ефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал“ (стр.51) |
| **СДСМ** | „Ќе формираме нов орган за **спречување на корупцијата**.“ (стр.113)<br>„Државна комисија за **спречување на корупцијата** со стручни кадри и поголеми овластувања!“ (стр.115)<br>„ Ќе донесеме нов Закон за спречување на корупцијата со кој: Ќе предвидиме целосна независност, департизација и стручност на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата... “ (стр.117) |
| **ЛДП** | „Либерално демократската партија се залага за **сузбивање на корупцијата** преку редуцирање и ограничување на бирократијата.“(стр.15)<br>„ Либерално демократската партија ќе обезбеди значително подобрување на проект менаџментот...ЛДП се залага за зајакнување на ефикасноста на капиталните расходи преку зајакнување на знаењата и вештините за проект менаџментот и преку **редукција на корупцијата**.“ (стр.36)<br>„Укинување на дискрециони права при доделување на градежно земјиште освен за јавен и државен интерес утврден со закон: Измени на законот за градежно земјиште со цел укинување на дискреционите права при доделувањето на градежното земјиште со што ќе се отстрани главниот извор на **корупција“** (стр.43) |
| **Демократска десница** | „Во **борбата против корупција** Демократска десница ќе се залага за начелото нулта степен на толеранција на корупцијата“ (стр.24)<br>„Мерките: Сериозно преиспитување на улогата и начинот на избор на членовите на Државната комисија за спречување на корупција. Зајакнување на меѓусебната соработка помеѓу државните органи поради подобра размена на податоци за неправилности во работењето и сомневање за корупција. Ревизија на дискреционите овластувања во државните органи и нивно сведување на минимален број, кој е објективно потребен. Целосно воведување на електронски систем кај услугите на јавната управа, нејзино целосно електронско поврзување и достапност на сите одлуки за граѓаните он-лајн, што ќе ја зајакне транспарентноста. Воведување на транспарентен состав на листи на чекање во државните институции, со забрзано донесување на одлуките, што ќе го реши долгото чекање, како основа за корумпирање на државните службеници. Зајакнување на начинот на контрола во јавните набавки на републичко и локално ниво. Воведување на едукација и нејзин континуитет во јавните служби како една од најважните алатки за сузбивање на корупцијата во јавните институции“ (стр.25) |
| **НДП** | „НДП се залага за безкомпромисна институционална борба против негативните појави од неформалната економија, фискалната евазија, **корупцијата** во политиката и другите |

| | |
|---|---|
| | девијантни појави, со помош на соодветни законски решенија и во соработка со независните органи од граѓанскиот и бизнис сектор“ (стр.4)<br>„НДП се залага за безкомпромисна борба против сите елементи и форми на сивата економија и сите видови на економска и политичка **корупција**“ (стр.7) |
| **Обединети за Македонија** | „ Мерките кои ги преземаме за **искоренување на корупцијата** од општеството се:- сериозно преиспитување на улогата и начинот на избор на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, кои наместо да ги штитат интересите на граѓаните, се под целосна контрола на извршната власт; - зајакнување на меѓусебната соработка помеѓу државните органи поради подобра размена на податоци за неправилности во работењето и сомневање за корупција;- ревизија на дискреционите овластувања во државните органи и нивно сведување на минимален број, што е објективно потребен; - целосно воведување на електронски систем кај услугите на јавната управа, нејзино целосно интернет поврзување и достапност на сите одлуки за граѓаните он-лајн, што ќе ја зајакне транспарентноста;“(стр.43) |

## Ефикасна државна и јавна администрација

Сите девет политички партии кои го третираат прашањето на администрацијата се залагаат за намалена, департизирана и ефикасна државна и јавна администрација којашто ќе биде во функција на граѓаните. Дел од политичките партии јасно ја поврзуваат ефикасната администрација со побрзиот и олеснет пристап на странски инвестиции и развиено претприемништво и општо со развојот на економијата (ПОДЕМ, СДУ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ и ЛДП). Само во програмата на ПОДЕМ директно се спомнува потребата од ефикасна администрација и на општинско ниво. Дел од партиите планираат системот на вработување и напредување во администрацијата да биде реформиран, а воедно службениците да имаат можност за дообразование (СДУ, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, ЛДП, ОМ).

**Табела 6: Предлози /предвидени активности во изборните програми за ефикасна јавна администрација**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| **Нова демократија** | „НД своето дејствување ќе го сконцентрира во економскиот развој и градба, во **изградбата и развојот на државната и јавната администрација** во служба на граѓанинот, во развојот и култивирањето на духовните и материјалните вредности, како вредно богатство за мултиетничка држава, како што е Македонија.“ (стр.1)<br>„Нова демократија ќе го отвори процесот на трансформација на **јавната и државната администрација** со цел изградба на професионална и деполитизирана администрација, **ефективна** и квалитетна на работа, како и поблиску до граѓанинот.“ (стр.5) |
| **ПОДЕМ** | „Ажурна општинска **администрација** кој изработката на урбанистичките планови ќе ги усогласува со важечкото законодавство во оваа област;“ (стр.42)<br>„Македонската економија преку ПОДЕМ мора да ги оствари следните цели:…. Подигнување на **ефикасноста на јавната управа**;“(стр.6)<br>„Реформа на државната **управа**: преиспитување на работењето и организацијата на работа на управата, рационализација на вработените во управата, прилагодување на политиката на плати во склад со **ефикасноста** во извршувањето на јавните услуги“ (стр.18/19) |
| **СДУ** | „Реформите ќе опфатат поттикнување на вработувањето со поддршка на претприемништвото, поедноставување и намалување на административните процедури, регулативи и **администрацијата**“(стр.17)<br>„Независна, деполитизирана, стручна и ефикасна даночна администрација“(стр.19)<br>„СДУ смета дека овој процес треба да го започне со сопствен пример највисокиот законодавен дом, Собранието на Република Македонија. СДУ се залага за намалување на бројот на пратениците на 100. Тие би се избирале во една изборна единица на отворени листи. Потоа би следела извршната власт со намалување на бројот на министерства и министри. СДУ е за целосно укинување на функцијата министер без ресор и заменик министер. СДУ се залага за намалување на бројот на непродуктивните агенции и државни функции.“ (стр.18) |

| | |
|---|---|
| | „Со цел да се намали гломазниот државен апарат, СДУ се залага за воведување на систем на поволно кредитирање за основање на свој бизнис за службениците кои сакаат да ја напуштат администрацијата. Со тоа ќе се овозможи освежување на **администрацијата**, а од друга страна ќе се придонесе кон развој на малите бизниси.“ (стр.19)<br>„Потребно е целосна реализација во практика на системот на развој во кариера според кој ќе се мотивираат сите категории на службеници да се обучуваат и напредуваат во кариерата.“ (стр.19)<br>„Со цел зголемување на ефикасноста на администрацијата, СДУ ќе работи целосно да профункционира системот на јавна одговорност каде отчетноста пред граѓаните ќе доаѓа на прво место. Јавност во работењето е обврска на јавните институции и граѓаните имаат право да ги знаат нивните цели, активности и планови. Во таа насока, ќе работиме повеќе на отвореноста на институциите за граѓаните“ (стр.19) |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | „Транспарентна и **ефикасна** работа на Владата **и јавната администрација** и поквалитетни услуги за граѓаните и фирмите, преку длабоки реформи на јавната адмнистрација.“ (стр.7)<br>„Форсирање на ИТ-услуги во јавниот сектор и реформи за **подобра јавна администрација**; “(стр.13)<br>„Ќе продолжиме да ги намалуваме административните трошоци на фирмите и граѓаните преку регулаторната гилотина и **реформата на јавната администрација**“ (стр.19)<br>„ВМРО-ДПМНЕ во следните четири години ќе се фокусира на спроведување на реформите што ќе резултира со зголемување на **ефикасноста, ефективноста и отчетноста на јавната администрација**, зголемување на транспарентноста и отвореноста на системот, подобрување на квалитетот на услугите што ги обезбедува, и резултатите, како и зголемување на задоволството на граѓаните и приватните правни субјекти кои се корисници на јавните услуги.“ (стр.102)<br>„ПРОЕКТ: ВЛАДЕЕЊЕ 2.0. Активно вклучување на граѓаните, бизнисите и невладините организации со предлози за **поедноставување на постапките во администрацијата** преку веб-портал.“ (стр.105)<br>„ Подобрувањето и понатамошниот развој на системот на државна служба и управувањето со човечки ресурси претставуваат основен предуслов за градење на професионална, **ефикасна и ефективна јавна администрација**, која треба да ги штити правата и интересите на граѓаните и правните лица и да обезбеди соодветен квалитет на работните услови за државните и за јавните службеници.“ (стр.104) |
| **ДУИ** | „ДУИ ќе се ангажира да **јавната и државната администрација биде независна** – аполитичка и ќе ги подржи реформите од оваа многу значајна област, за функционирање на една држава со европски стандарди, како што е Република Македонија. Истовремено ДУИ силно ја подржува реализацијата на  преамбулата која произлегува од Договорот за стабилизација и асоцијација ан РМ со ЕУ, која се однесува на реформите во јавната и државната администрација. ДУИ ќе го следи правичното и адекватното застапување во јавната и државната администрација, како на  републички така и на локално ниво, перманентна обука на вработените во администрацијата како во земјата така и надвор од земјата, за да се има **професионална администрација и ефикасна**, која ќе биде способна за спроведување на севкупните реформи како во политичкиот, економскиот и правниот систем.“ (стр.50) |
| **СДСМ** | „Ќе ја исполниме и втората група услови што ги сака секој инвеститор, а тоа е професионална, **ефикасна и некорумпирана јавна администрација**“ (стр.7)<br>„Суштински ќе го подобри амбиентот, меѓу другото зголемувајќи ја ефикасноста и независноста на **судството** и **ефикасноста на јавната администрација**.“ (стр.50)<br>„ Јавната администрација е клучот за успех на било која реформа. Колку и да се реформите добро осмислени, нема да се остварат без квалитетен кадар во јавната администрација. И домашниот бизнис сектор и странските инвеститори истакнуваат дека за економски развој е неопходна стручна, професионална и **ефикасна администрација**.“ (стр.11)<br>„ ....новата Влада: Ќе воведе поинаков систем на наградување на вработените во јавната администрација. Нивната плата ќе биде поврзана со она што се случува во македонската економија. .....  Со ваквата мерка, јавната администрација ќе биде мотивирана да биде максимално ефикасна во опслужувањето на приватниот сектор. ...... Врвен приоритет на новата Влада е да се создаде и стручна јавна администрација, со висок степен на професионалност и зголемена **ефикасност.** (стр.11) |
| **ЛДП** | „Досегашните влади го следеа нискиот политички ризик со тоа што го зголемуваа тековно оперативниот удел во буџетот на сметка на капиталниот удел во буџетот. Ова, заедно со **неефикасноста на јавната администрација** и со преферирање на проекти од краток циклус кој се вклопува во тесниот изборен политички циклус од 4 години, доведе до |

| | |
|---|---|
| | амортизирање на средствата, намалување на квалитетот и опфатот на услуги, комоција на политичките субјекти, ниски стапки на раст на економијата и неодржливост на фискалната политика и мал фискален простор за капитални расходи.“ (стр.34 )<br>„Либерално демократската партија ќе обезбеди значително подобрување на проект менаџментот. Македонската јавност во континуитет е сведок на неуспешност на подготовка на тендерска документација, недостаток на секторски знаења и недостаток на **квалитетен проект менаџмент во јавната администрација** за потребите на капиталните расходи.“ (стр. 36)<br>„Еден од проблемите кој се повеќе се зголемува во Република Македонија е отсуството на непартиска, компетентна и **ефикасна администрација**. Затоа, ЛДП се залага за: изградба на државната администрација како јавен сервис за граѓаните врз стандардите зацртани од Советот на Европа и Повелбата за човекови права на ЕУ; промени на Законот за државни службеници“(стр.90) |
| **НДП** | „НДП се залага за политички систем со реформирана и деполитизирана **јавна администрација**.“ (стр.5) |
| **Обединети за Македонија** | „Се залагаме за  имплементирање на системи за раководење и мерење на степенот на ефикасност во извршувањето на работните задачи во службите на владиниот сектор и државната администрација, што ќе овозможи секој денар да биде потрошен објективно и ефикасно“ (стр.9)<br>„Реформата за **ефикасна и продуктивна јавна администрација** мора да се одвива врз основа на јасно пропишани правила кој ќе важат за секого. ... Обединети за Македонија се залага за **професионална администрација**, растеретена од секојдневните закани за отпуштања.“ (стр.12) |

## Заклучоци

**1. Доброто управување меѓу врвните приоритети во програмите на политичките партии.**

Дванаесет од петнаесет програми (80 %) на политичките партии содржат заложби и мерки за зголемена правна сигурност на граѓаните изразена преку вредностите, принципите и областите кои се дел од доброто управување, како што се независно судство, борба против корупцијата и ефикасната администрација. Единаесет програми, во кои се спомнуваат темите поврзани со доброто управување, имаат посветено барем едно поглавје на некоја од темите: правосудство, корупција или јавна администрација. Најголем дел од програмите (9 од 11) содржат и конкретни мерки и предлози за подобрување на доброто управување во Македонија. Четири партии (Нова демократија, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и СДСМ) имаат посветено посебни делови и наслови за сите три теми од доброто управување: правосудство, корупција и државна и јавна администрација.

**2. Доминираат општи мерки за реформи во правосудството.**

Политичките партии се залагаат пред сè за партиски независно и реформирано правосудство коешто постојано ќе се надградува со знаење и професионалност, но конкретни мерки наведуваат само дел од политичките партии. За дел од партиите самостојниот судски буџет е клучната мерка за независност (ПОДЕМ, СДУ и ППДД), додека две политички партии имаат предлог за промена на улогата на министерот за правда во Судскиот совет и Советот на јавни обвинители (СДСМ и ППДД).

**3. Мерките за борба против корупција најчесто поврзани со реформите во правосудството и администрацијата.**

Предложените мерки за борба против корупцијата најчесто се поврзуваат со мерките за независното и за намалени дискрециони овластувања на одговорните во администрацијата. Таков е пристапот на шест од девет програми кои ја спомнуваат борбата против корупцијата.

Три политички партии (СДСМ, ППДД и ОМ) сметаат дека се потребни реформи во Државната комисија за спречување на корупцијата во делот на изборот на членовите, нивната професионалност и ослободување од секакви партиски влијанија. ДУИ и НДП се залагаат за партнерство со граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата. ВМРО-ДПМНЕ со предлози за нови државни програми за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**4. Политичките партии се залагаат за ефикасна јавна администрација во функција на граѓаните**

Намалена, департизирана и ефикасна државна и јавна администрација којашто ќе биде во функција на граѓаните е приоритет за деветте политички партии кои во своите програми го третираат ова прашање. Во шест програми постои поврзаност на ефикасната администрација со побрзиот и олеснет пристап на странски инвестиции и развиено претприемништво и општо развој на економијата (ПОДЕМ, СДУ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ и ЛДП).

Само во програмата на ПОДЕМ директно се спомнува потребата од ефикасна администрација и на општинско ниво.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| **Нова демократија** | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| **ПОДЕМ** | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| **СДУ** | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| **ДУА** | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| **ДУИ** | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| **ДПА** | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| **СДСМ** | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| **ЛДП** | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| **Демократска десница** | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| **НДП** | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| **ОМ** | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегриранaта платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.